Уп. бр. 08-138

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Нипон Експрес Холдингс, Инк со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.10.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Нипон Експрес Холдингс, Инк со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија ќе се стекне со самостојна контрола над Карго-Партнер групацијата со регистрирано седиште во Фишаменд, Австрија, преку купување на удели во релевантните целни друштва наведени во допис доставен на ден 28.09.2023 година, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 13.09.2023 година и дополнето на ден 28.09.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвото

Нипон Експрес Холдингс, Инк со регистрирано седиште на Зграда на ЕнЕкс групација, Канда, Изумичо 2, Чијода-ку, 101-0024 Токио, Јапонија, со која Нипон Експрес Холдингс, Инк ќе се стекне со самостојна контрола над Карго-Партнер групацијата со регистрирано седиште во Фишаменд, Австрија преку купување на удели во релевантните целни друштва наведени во допис доставен од Подносителот на ден 29.09.2023 година.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-Нипон Експрес Холдингс, Инк.** е јапонско друштво со седиште во Токио, кое котира на Берзата на Токио. Работи на светско ниво (во Јапонија, Јужна и Северна Америка, Европа, Источна Азија и Јужна Азија и Океанија) како глобален обезбедувач на услуги на логистика, вклучувајќи домашна и меѓународна релокација и превоз на специјализирана стока и ликовни уметнички удела преку железнички, морски или воздушен пат.

Активносите на Нипон Експрес Холдингс, Инк. се состојат од превоз:

- прекуграничен превоз на товарна стока,
- шпедитерски услуги за товарна стока по воздушен пат
- наменски создадени меѓународни решенија за логистика,
- товарна стока по земја, железничка товарна стока
- специјализиран превоз, како што е превоз на ликовна уметност, превоз и инсталација на голема опрема во различни проекти низ светот, и услуги за селење
- управување на синџир на снабдување
- складирање и дистрибуција
- услуги за консултација за логистика

Производите и услугите на Нипон Експрес Холдингс, Инк. се составен дел на четири сегменти и тоа: логистика, безбедносен превоз, превоз на тешка стока и градежништво и логистичка поддршка.

Нипон Експрес Холдингс, Инк. не е присутно во Северна Македонија.

**-Карго-Партнер групацијата**, со седиште во Фишаменд, Австрија, нуди сеопфатно портфолио на воздушен, морски, копнен превоз и услуги за складирање, со посебен фокус на шпедитерските услуги во воздушниот и океанскиот транспорт, како и во копнениот превоз. Карго-Партнер групацијата нуди сеопфатно портфолио на услуги за превоз меѓу кои и:

- товарна стока по воздушен пат
- товарна стока по морски пат
- железнички превоз
- патен превоз

Карго-Партнер групацијата управува со развиена мрежа на складишта низ Европа, Југоисточна Азија, Индискиот потконтинент и САД. Карго-Партнер групацијата е особено активен во следните и индустрии: автомобилски и индустриски резервни делови, висока технологија и електроника, фармацевтски производи и здравство, прехранбени и лесно расипливи производи, како и малопродажба, мода и животен стил

Во Северна Македонија, Карго-Партнер групацијата има едно регистрирано зависно друштво- **Друштво за транспорт и логистика КАРГО-ПАРТНЕР ЛОГИСТИКС ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 111/1-1, 1000 Скопје и регистрирана дејност -останати придружни дејности во превозот.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**